**Повик да се слуша Божјата реч**

Нашата сегашна серија разговори завршува со оваа кратка верзија од писание на Британец - Христоделфијанец, кој бил познат говорник/автор во втората половина на 20 век. Станува збор за охрабрување за тоа сериозно и правилно да одговориме на јасното библиско учење што го разгледавме и на личниот предизвик со кој треба да се соочиме.

Што подразбираме под „повик“?

Како да знаеме кога сме го примиле повикот? Дали е тоа некој внатрешен глас, кој ни кажува да го промениме правецот на нашиот живот? Или тоа се случува преку некаква визија или сон? Дали е тоа повик кој го добиваат само специјално избрани луѓе? Овој поим денес се користи толку општо што треба да се свртиме кон Библијата за да го добиеме точниот одговор. Да почнеме со **Марко 16:15,16** (стихови што сме ги цитирале претходно во оваа серија предавања). И им рече: „Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание! Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден.“ Овде е сосема јасно дека Исус им наредувал на своите ученици да одат и да го проповедаат Евангелието на што е можно повеќе луѓе. Очигледно, пред да може човек да постапи според Евангелието, тој морал прво да го слушне истото, а тоа биле овозможено преку проповедник. Значи, повикот не се однесува на некакви специјално избрани луѓе, тој не доаѓа во сон или преку визија, туку им доаѓа на сите што го слушаат евангелието или кои самите го читаат во Библијата.
Апостол Павле имал прилика да ги посрамоти браќата во Коринт затоа што тие не го проповедале Евангелието доволно широко „Отрезнете се, како што треба, и не грешете, зашто некои не Го знаат Бога. За ваш срам, го велам ова.“. (**1. Коринќаните 15:34**). Коринќаните бавно го проповедаа Евангелието и затоа многумина сѐ уште не беа просветлени. Од тие причини, повикот е ограничен само со ширењето на Божјото Слово, било со проповедање или преку ширење на пишаниот збор. Повторно, Павле го кажува тоа сосема јасно кога им пишува на верниците во Рим: „Но, како ќе Го повикаат Оној, во Кого не поверувале? А како ќе поверуваат во Оној, за Кого не чуле? А како ќе чујат без проповедник?“ (**Римјаните 10:14**). Повикот, значи, не е некаков мистичен глас што ни се обраќа. Тоа е Евангелието, кое ни се обраќа преку проповедник чија порака се заснова на Божјото слово.
Во првиот век од новата ера, проповедањето било само вид на разговорен збор на проповедниците, но откако се појавило печатењето, а сега и компјутерите и веб-страниците (да не ги заборавиме и паметните телефони!) Евангелието стигна и до најоддалечените места. Меѓутоа, познавањето на Евангелието подразбира и личната одговорност. Евангелието дава знаење за спасението, без кое (како што рекол Исус) човекот е веќе „осуден“. Според тоа, библиското учење е тоа дека спасението може да дојде само преку верување во (и постапување врз основа на) Евангелието. Ова природно ги наметнува следниве прашања: „Спас од што? и „Зошто човекот е „осуден“ без верување во Евангелието?“.

Спас или осуда

Со својата непослушност, Адам и Ева ја донеле смртта на овој свет. Повторно, ние сме му должни на апостол Павле за јасната изјава во врска со ова - „Затоа, како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот - смртта; така смртта помина на сите луѓе, зашто сите згрешија.“ (**Римјаните 5:12**). Промисленото читање на овој стих нѐ учи дека, бидејќи сите потекнуваме од Адам и Ева, ги споделуваме и последиците од нивниот грев. Смртните родители можат да имаат само смртни деца! А смртноста значи многу повеќе од тоа дека „еден ден ќе умреме“. Тоа исто така значи дека нашата природа е корумпирана; дека имаме лоши мисли и страст по лоши работи. Еве што напишал апостол Јаков: „ Туку, секого го искушува неговата сопствена похот, која го влече и го мами. Потоа похотта зачнува и раѓа грев, а направениот грев раѓа смрт.“. (**Јаков 1:14,15**). Затоа, постојат две причини зошто умираме: прво, затоа што сме ја наследиле природата на Адам и второ, затоа што имаме свои гревови „Зашто смртта е плата за грев, но благодатниот Божји дар е - вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ.“ (**Римјаните 6:23**).

Од која страна и да гледаме на тоа, човештвото е „осудено“: додека живееме, ние сме оковани од оваа човечка природа која нè води во грев, а последиците од нашиот грев се тоа што ја жнееме неговата плата - смртта. И дури и да можевме да живееме безгрешен живот, не би можеле да ја избегнеме смртта бидејќи тоа е веќе последица на гревот на Адам!
Ја знаеме вистинитоста на овие зборови бидејќи во светот изобилува злоба; големите државници и политички лидери бескрајно се борат да ги поправат последиците од човековата природа. Иако ние можеме да се восхитуваме на нивната посветеност кон својата работа, мораме да признаеме дека светот напредува кон уништување и човекот, притоа, нема одговор. Еволуционистот ќе ни каже дека случајно сме тука, но тој нема што да понуди за иднината! Хуманистот е осуден на неуспех затоа што неговите предвидувања се засноваат на човечката природа! Тоа се причините зошто Евангелието е толку посебно и привлечно. Тоа се занимава со вистински вистини и затоа што произлегува од вечниот, семудар Бог – Оној кој го создал овој свет и дава одговор за сите негови проблеми.
Иако е точно (како што е наведено од Јован во неговото прво послание) дека Исус умрел за гревовите на светот, користа од Исусовата смрт не значи дека автоматски се пренесува на сите луѓе. Исусовото учење е „кој **<u>верува</u>** и е **<u>потопен</u>**, ќе биде спасен“. Неопходно е не само да го слушаме Евангелието (дека сме повикани), туку и да веруваме во него и, како знак на нашето верување, да бидеме потопени. Потопувањето е чин на вера, со тоа што веруваме дека „старецот“ во нас умира, дека е закопан во водите со потопувањето и дека од тие води се издигнуваме во нов живот. Тоа е, исто така, доказ дека веруваме дека „ во човекот нема добро нешто “ и дека мора да бидеме поврзани со Исус на овој начин ако сакаме да го доживееме новиот живот што тој го ветува - живот надвор од воскресението.
Понатаму, има и казна за оние кои, откако го слушнале Евангелието, ќе му свртат грбот. Ова би го очекувале да се случи бидејќи Бог бил доволно милостив да ни понуди начин за бегство од нашата човечка природа и, како што рекол Исус, затоа „ќе бидеме осудени“!
<u>Заклучок</u>
Да се запазува Евангелието значи да се знае дека еден ден, по Божја благодат, ќе бидеме променети за да ја споделиме Неговата природа! (Видете 2. Петар 1:4). Сите наши минати гревови ќе бидат заборавени и ќе бидеме дел од Неговото чудесно царство на оваа земја, кое Неговиот Син ќе го воспостави при неговото враќање. Прочитајте сега сами некои од описите на претстојното Божјо царство во Исаија, поглавја 32 и 35, а потоа погрижете се да го послушате повикот на Божјата реч!